40300



# Art flash



**СОДРЖАЈНА ТРАГА: Една од изложените фотографии на Ристевски**

## Во организација

на Друштвото на музеите за ликовни уметности од Истанбул и Музејот на современа уметност во Скопје, минатиот месец на ликовната публика на Истанбул ѝ се претстави македонскиот склуптор професорот **Петар Хаџи Бошков,** кој во Галеријата на техничкиот универзитет Јилдиз во Истанбул ги прикажа своите најнови остварувања од циклусот „Бескрајна склуптура".

На свеченото отворање, на кое присуствуваа и амасадорот на Република Македонија во Турција, господин **Трајан Петровски,** министерот за култура на Македонија, господинот **Ѓунер Исмаил,** како и претставници од министерствата за култура и за надворешни работи на двете земји, за значењето на културните врски меѓу Турција и Македонија, во рамки на кои оваа изложба е значаен прилог, говореа ректорката на Јилдиз универзитетот, госпоѓа **Томур Атагет** *и министерот Исмаил, а кусо предавање за делото на Хаџи Бошков имаше комесарот на изложбата госпоѓа* **Соња Абаџиева.**

Инаку, да споменеме, дека поради забележителниот интерес, изложбата која требаше да трае до 30 октомври е продолжена.

* * *

Кога сме веќе кај културните врски меѓу Турција и Македонија, да кажеме дека во текот на октомври во Истанбул се одржа уште една ликовна изложба на која се претставија автори од двете земји. Изложбата, насловена како „Пишување и разлика", што ја подготви младата историчарка на уметност **Сузана Милевска,** беше замислена како обид да се изнајдат заедничките корени во творештвото на уметници кои дејствуваат во различни културни милјеа. Инаку, на изложбата со свои дела беа застапени **Богдан Грабуловски, Виолета Блажеска** и **Ибрахим Беди** од Македонија, и **Сервер Демирташ** и **Исмет Доан** од Турција.

* * *

Неделава во Домот на културата „Ј. Б. Тито" во Куманово, во оранизација на Народната техника од Куманово и Фото сојузот на Македонија, е поместена ретроспективната изложба на фотографии на **Радислав Ристевски,** еден од доајените на фотографијата во Македонија. Покрај перманентната едукативна работа со младите, во својот тридецениски творечки опус, шеесет и шестгодишниот Ристевски учествувал на четириесеттина изложби, на кои освоил десетина награди и бројни дипломи и пофалници.

Триесет и четирите фотографии поместени на неговата ретроспективна изложба, сосема мал дел од богатиот опус на Ристевски, ја илустрираат тематската разнородност на неговите интересирања. Особен интерес на минатонеделното свечено отворање предизвикаа мотивите од неговото родно Мариово и од Куманово. Фотографирајќи го човековото окружување и интересните подароци на природата, како и нејзината игра (Слонот од камен,



**ГОСТУВАЊЕ ВО ТУРЦИЈА: на Петар Хаџи Бошков Една од најновите скулптури**

осамените дрва-џинови), Ристевски особено работел врз портретот (луѓето овчари, молзничари, собирачи на волна, селанките пазарџики од струшко) и врз ефектите на времеминувањето (ликови на заиграни, љубопитни деца и на луѓе во третата доба), оставајќи така содржајна трага за периодот во кој творел. □